**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје („Друштвото“) и добиениот Предлог од Каменимост Комуникации АД Скопје за реизбор, отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото (Арх. бр. 723479/1 од 02.12.2021 год.), Собранието на Друштвото на својата седница одржана на ден 25.01.2022 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука

## за реизбор, отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото

### Член 1

Собранието на Друштвото ги реизбира:

- г-дин Андреас Маиерхофер, државјанин на Австрија, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 01.02.2022 година,
- г-дин Никола Љушев, државјанин на Република Северна Македонија, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 01.07.2022 година,
- г-дин Петер Фаил, државјанин на Република Германија, за Независен неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 01.07.2022 година, и
- г-дин Борче Сиљаноски, државјанин на Република Северна Македонија, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 25.09.2022 година.

### Член 2

Собранието на Друштвото го отповикува:

- г-дин Карој Швејнингер, државјанин на Република Унгарија, од позицијата Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, почнувајќи од 25.01.2022 година.

### Член 3

Собранието на Друштвото ја избира:

- г-ѓа Диана Анамариа Варкоњи, државјанин на Република Унгарија, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 25.01.2022 година.

### Член 4

Мандатот на реизбраните членови и избраниот член на Одборот на директори на Друштвото изнесува 4 години, согласно Статутот на Друштвото.

**Член 5**

Собранието на Друштвото го овластува Главниот извршен директор на Друштвото да ги преземе сите неопходни активности за доставување на оваа Одлука за цели на бришење и упис на членови на Одборот на директори во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**